# ЕВАЛУАЦИЈА II

## Безбедноста во сообраќајот низ призма на средношколците



**ЕВАЛУАЦИЈА**

„Безбедноста во сообраќајот низ призма на средношколците“

**ИЗДАВАЧ**

Здружение на граѓани „Еко Логик“
Ул.: „Бранислав Нушиќ“, бр. 13-1/17, 1000 Скопје
Фејсбук-страница
https://www.facebook.com/EcoLogic.mk/
https://www.facebook.com/schoolforsustainabledevelopmentmk/

Електронска пошта
ecologic.mk@gmail.com

Телефон
+ 389 78 365-902
+ 389 2 5112-716

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**

Никола Нешкоски

**АВТОРИ**

Андријана Зафировска
Никола Нешкоски

**ДИЗАЈН**

Александар Тодов

**ЛЕКТУРА**

Дејан Василевски

Февруари 2022

# Содржина


- Вовед 5
- Основни информации 6
- Безбедносна инфраструктура во вашето соседство 9
- Безбедносна/велосипедска инфраструктура од вашиот дом до училиштето и во вашето училиште 11
- Резиме 14



# Вовед

Здружението на граѓани „Еко Логик“, во рамките на „Вело училишта“ и „Училиште за одржлив развој“, спроведе анкета помеѓу средношколците на ниво на Град Скопје, во насока на прикажување за користењето и, истовремено, познавањата на темата велосипедизам на средношколците, како и нивните предизвици со кои се соочуваат во секојдневието при возењето велосипед.

Сметаме дека доколку сакаме низ Скопје да има колку што е можно повеќе млади урбани велосипедисти, треба повеќе да работиме на промоција на урбаниот велосипедизам, неговото значење за животната средина и намалување на аерозагадувањето, но и подобрување на индивидуалното и колективното здравје. Иако во изминатите години Град Скопје направи одредени напори за подобрување на велосипедската инфраструктура, сè уште сме далеку од тоа да се наречеме вело-град. Одговорите од спроведената анкета го потврдуваат тоа.

Исто така, оваа евалуација прикажува и споредбена анализа на резултатите добиени од анализата спроведена во 2020 година. Неа можете да ја погледнете на следниот линк:

https://ecologic.mk/wp-content/uploads/2021/03/evaluacija-bezbednosta-vo-soobrakajot-niz-prizma-na-srednoskolcite__opt.pdf

Структурата на прашањата е речиси идентична, со тоа што, секако, оваа анализа е унапредена со дополнителни прашања, за да се добие уште поквалитетна слика.

Прашањата се поделени во три секции, односно:

- Основни информации;
- Безбедносна инфраструктура во вашето соседство;
- Безбедносна/велосипедска инфраструктура од вашиот дом до училиштето и во вашето училиште.

Заклучоците што произлегоа се наведени во продолжение на оваа анализа.

# I Основни информации

• Одговорите што ни пристигнаа опфатија повеќе општини во главниот град, меѓу кои:

| | |
|---|---|
| Општина Кисела Вода | Општина Бутел |
| Општина Ѓорче Петров | Општина Аеродром |
| Општина Чучер Сандево | Општина Илинден |
| Општина Карпош | Општина Зелениково |
| Општина Гази Баба | Општина Шуто Оризари |
| Општина Центар | Општина Арачиново |
| Општина Студеничани | Општина Сопиште |
| Општина Сарај | Општина Петровец |

Приказ 1

• Возрасна категорија што беше опфатена во евалуацијата:

31,2 % – 15 години
27,9 % – 16 години
23,7 % – 17 години
17,2 % – 18 години

• Средношколци кои учествуваа во оваа евалуација се дел од следните средни училишта:

| | |
|---|---|
| СУГС „Васил Антевски-Дрен“ | СУГС „Јосип Броз Тито“ |
| СУГС „Здравко Цветковски“ | СУГС „Цветан Димов“ |
| СУГС „Кочо Рацин“ | СУГС „Панче Арсовски“ |
| СУГС „Браќа Миладиновци“ | СУГС „Шаип Јусуф“ |
| СУГС „Михајло Пупин“ | СУГС „Марија Кири Склодовска“ |
| СУГС „Лазар Танев“ | САБА |
| СУГС „Никола Карев“ | ПСУ „Јахја Кемал“ – Карпош |

Приказ 2

• Во однос на прашањето колку е оддалечено училиштето од местото на живеење, изразено во километри, најдолгата прикажана дестинација е 25 километри, додека најкратката е 450 метри.

• Сосема е мала разликата на учество на девојчиња и момчиња, односно 167 девојчиња и 163 момчиња.

• На прашањето колку често практикуваат возење велосипед на неделно ниво, 74,2 % одговорија дека ретко практикуваат велосипед, 21,5 % често возат велосипед, додека многу мал број (0,3 %) одговорија дека секојдневно го користат велосипедот како алтернативно превозно средство.




Приказ 3: Евалуација 2021

Споредбено со анализата од минатата година, процентот на учесниците кои возат велосипед е намален за 11,8 %.




Приказ 4: Евалуација 2020

• Следниот графикон ја прикажува мотивацијата за возење велосипед на средношколците на ниво на Град Скопје. Ова прашање нудеше одговори со повеќекратен избор.

Најголем дел, односно 42,1 % од одговорите се дека главна мотивација им претставува зголемувањето и подобрувањето на енергијата, 38,2 % одговориле дека претставува друштвена и семејна активност, а 35,2 % ги ослободува од стресот.




Приказ 5: Евалуација 2021

Мотивациските причини се исти како и од спроведената евалуација од минатата година.




Приказ 6: Евалуација 2020

• Анкетираните ученици најмногу практикуваат рекреативен велосипедизам, додека најмалку планински. Исто така, и ова прашање беше со повеќекратен избор на одговори.




Приказ 7: Евалуација 2021

Истиот интерес на средношколците е забележан и во спроведената евалуација од минатата година.




Приказ 8: Евалуација 2020

## II Безбедносна инфраструктура во вашето соседство

• Во однос на условите за возење велосипед во непосредното живеење, односно во соседството, најчестите одговори се условите не се добри и постои голем простор за подобрување, додека сосема мал од одговорите истакнуваат дека условите се задоволителни.

Поконкретно, дел од одговорите што ги дадоа учениците се следните:

- „Не доволно поволни, нема убави велосипедски патеки, се вози претежно на улица. Тоа што нема патеки го става возачот на велосипедот под ризик."
- „Немаме велосипедски патеки и не е можно да се вози велосипед со голема сигурност."
- „Има многу сообраќајни возила, како што се камиони, автомобили, мотори и сл., но претежно е ризично за возењето велосипед."
- „Нема велосипедски патеки, луѓето ги паркираат возилата на улица и нема место за разминување."
- „Прилично лоши, поголемиот дел од времето никој не вози на патеката за велосипеди, често се буткаат пешаците во велосипедистите, патот има дупки и пукнатини итн."
- „Солидни, на улиците има многу дупки и нерамнини, на одредени делови од соседството."

Повторно, генералниот заклучок за ова прашање е ист како и по спроведената евалуација од изминатата година.

• Најчестите предизвици/пречки со кои со соочуваат при возењето велосипед во соседството се: немање на велосипедски патеки, голем интензитет на сообраќај и непочитување на сообраќајните правила и знаци. Како не толку чести предизвици се потенцираат: непрописно паркирани возила, небезбедни места за паркирање велосипеди, лошо осветлување и сосема на крајот – лошо осветлување.




Приказ 9: Евалуација 2021

Во однос на резултатите од евалуацијата од изминатата година, учениците го делат истото мислење според бројноста на одговорите за: неквалитетно поставени патеки и голем интензитет на сообраќај. Како најмала пречка е означено лошото осветлување.




Приказ 10: Евалуација 2021

• На прашањето дали општината во која живеат има најавено подобрување на постојната и/или креирање на нова велосипедска инфраструктура, најголем дел одговорија дека не се информирани, помал дел наведоа дека општините во кои живеат имаат најавено подобрување, а сосема мал процент одговорија дека имаат најавено и остварено дел од нив.

Речиси во целост одговорите се поклопуваат со минатогодишната евалуација.

# III Безбедносна/велосипедска инфраструктура од вашиот дом до училиштето и во вашето училиште

• На прашањето – на кој начин доаѓаат до училиштето, најголем дел од испитаниците, односно 68,5% одговорија дека доаѓаат со јавен превоз, па потоа 33,3% пеш, 17,6% со автомобил и поразително како факт и причина за понатамошно подобрување е дека само 4,2 % проценти одговориле дека доаѓаат на училиште со велосипед.




Приказ 11: Евалуација 2021

Ситуацијата не е променета и од изминатата година, односно резултатите од евалуацијата што исто така покажаа дека најмалку се користи велосипедот како средство за пристигнување до училиштето.




Приказ 12: Евалуација 2021

• Оние ученици кои возат велосипед до училиште ги минуваат генерално следните примарни улици:

Булевар „Александар Македонски“
Булевар „Партизански одреди“
Булевар „Кузман Јосифовски-Питу“
Булевар „Кочо Рацин“
Булевар „11 Октомври“
Булевар „Димитрие Чуповски“
Булевар „АСНОМ“
Булевар „Свети Климент Охридски“ итн.

• На прашањето што би промениле со цел подобрување на искуството додека возат на секојдневната рута, од дома до училиште, како главен сегмент е посочено повеќе велосипедски патеки, па потоа: да нема нерамнини на веќе постојните патеки, зголемување на свесноста на учесниците во сообраќајот, продолжување на веќе поставени патеки, пошироки улици итн.

• 12,1 % од испитаниците одговорија дека има велосипедски патеки од сите страни на училиштето, 44,8 % од нив дека нема, додека 43 % од средношколците пополниле дека не се запознаени со истото.




Приказ 13: Евалуација 2021

• Најголем дел од испитаниците истакнале дека постојните велосипедски патеки најчесто се блокирани од возила и поради таа причина не се доволно безбедни за велосипедистите.

• 49,7 % одговориле дека во нивното училиште има паркинзи за велосипедистите од 1 до 3; 29,7 % одговориле дека има повеќе од три паркинзи во нивното училиште, додека 20,6 % посочиле дека воопшто немаат паркинзи.




Приказ 14: Евалуација 2021

Податоците од евалуацијата од изминатата година го потврдуваат истотото.




Приказ 15: Евалуација 2020

• Добар факт е тоа што 200 од испитаниците потврдиле дека паркинзите се функционални; 84 дека не се функционални, а остатокот од анкетираните не се запознаени.




Приказ 16: Евалуација 2021

• Во однос на прашањето дали постојат какви било средства за смирување на сообраќајот на улиците, кои најчесто ги користат за да стигнат до/од училиште учениците ги наведуваат:

- Лежечки полицајци, семафори и знаци што го подобруваат регулирањето на сообраќајот;
- Пешачки премини;
- Светлосна сигнализација.

## Резиме

Оваа евалуација имаше цел да даде информации поврзани со безбедноста во сообраќајот низ призмата на средношколците, со акцент на оние што учат во средните училишта лоцирани во градот Скопје. Во евалуацијата учествуваа 330 ученици од вкупно 14 државни и приватни училишта на ниво на Град Скопје. Всушност, оваа евалуација претставува продолжение на нешто што го почнавме минатата година, каде што евалуација од сличен тип беше исто така испратена до средношколците кои учат во средните училишта во Скопје. Колку за споредба, минатата година евалуацијата ја пополнија 228 ученици од околу 12 училишта.

Во оваа евалуација, преку одговорите на средношколците беа опфатени 16 општини на ниво на Град Скопје. Најмногу вклучени беа ученици од 15 години, а најмалку (но, не и незначително) од 18 години (17,2 %). Исто така, сосема е мала разликата на учество на девојчиња и момчиња, односно беа вклучени 167 девојчиња и 163 момчиња. За жал, најголем дел од испитаниците одговорија дека ретко практикуваат возење велосипед на неделно ниво, што значи дека, споредено со анализата од минатата година, процентот на учесниците кои возат велосипед е намален за 11,8 %.

Од она што може да се заклучи од споредбата помеѓу одговорите на средношколците на евалуациите од минатата и оваа година, нивната перцепција е дека фактичката состојба на терен, од година во година, тешко или многу малку се менува, а со тоа и нивните ставови и мислења.

Конкретно за резултатите од оваа година, најголема мотивација за возење велосипед за средношколците е поради зголемување на енергијата, како и поради фактот што претставува друштвена активност. Ова е податок што секако е за поздравување, но од друга страна загрижува фактот дека како главна мотивација (или една од главните) за возење велосипед не се споменува заштитата на животната средина, придонесот кон намалување на загадувањето на воздухот, намалување на сообраќајниот метеж итн. Зошто споменуваме „загрижува“? Единствено поради фактот дека многу често кога некој користи велосипед тоа го прави од економски причини или од причини поврзани со подобрување на сопственото здравје, зајакнување на имунитетот и слично, што несомнено е точно, но и недоволно како мотивација доколку сакаме да имаме голем број на урбани велосипедисти на улиците низ Скопје. Гледано од овој аспект, според нас како организација, потребна е дополнителна едукација на средношколците, но и нивните професори во полето на велосипедизам, одржлив транспорт и неговото значење за одрживиот развој на заедниците, подобрување на одредени проблеми поврзани со животната средина, зајакнување на економијата на локално ниво, но и подобрување на квалитетот на живот генерално.

Доколку ги анализираме добиените одговори од евалуацијата, покрај очигледната

мотивација и желба за возење велосипед во сообраќајот, средношколците јасно истакнуваат дека постојано се соочуваат со предизвици и пречки во сообраќајот во нивната непосредна околина. Дел од нив се: голем интензитет на сообраќај, лошо осветлување, немање на велосипедски патеки или патеки што се попречени од возила, несовесни возачи и пешаци. За жал, ова се проблеми што се провлекуваат наназад со години во главниот град. Да, точно е дека дел од нив се подобрени и дека се работи на унапредување на одржливиот транспорт во градот, но според нас темпото на реализација е бавно. Исто така, на прашањето дали општината во која живеат има најавено подобрување на постојната и/или креирање на нова велосипедска инфраструктура, најголем дел од учениците одговорија дека не се информирани, помал дел наведоа дека општините во кои живеат имаат најавено подобрување, а сосема мал процент одговорија дека имаат најавено и остварено дел од нив.

Кога станува збор за тоа колку средношколците го користат велосипедот за одење до/од училиште, за жал многу мал број од анкетираните изјавуваат дека го прават тоа. Оние што практикуваат споделија дека на патот до училиштето речиси и да нема велосипедски патеки или, генерално, тие се поставени на главните улици и на булеварите. Позитивен факт е дека во најголем дел од училиштата имаат паркинзи за велосипеди и тие се функционални. Со цел подобрување на искуството додека возат на секојдневната рута, од дома до училиште, како главен сегмент е посочено повеќе велосипедски патеки, па потоа: да нема нерамнини на веќе постојните патеки, зголемување на свесноста на учесниците во сообраќајот, продолжување на веќе поставени патеки, пошироки улици итн.

Резултатите од минатогодишната и годинашната евалуација речиси се поклопуваат во целост, што дотолку ја потврдува тековната состојба низ призма на средношколците.

Потребно е вклучување на сите засегнати страни за унапредување на вело-културата пред сѐ, а потоа и унапредување на велосипедската инфраструктура.

Со почит,

Никола Нешкоски, директор
Андријана Зафировска, проектен координатор

Здружение на граѓани „Еко Логик“, 2022 година

# ЕВАЛУАЦИЈА II
Безбедноста во сообраќајот
низ призма на средношколците